# Резолуција ЕСОР 2018 за Иднината на Онколошка Фармација 2025

Членовите на Европското Здружение за Онколошка Фармација **верувaат:**

- Науката, технологијата и социјалните трендови континуирано ја водат еволуцијата и развојот на улогата на фармацевтската професија, од првото основање во Средниот век, до првата фармакопеја воведена од научната и индустриската револуција, и во модерната ера, со појавата на роботи и интернет аптека;

- Надворешните трендови кои влијаат на фармацијата и промовираат промени, со сигурност може да се предвиди дека ќе бидат константни во наредната деценија, а ,,четвртата индустриска револуција,, може да се воведе во пракса во бројни области, вклучувајќи, но не и ограничена на:
    - Роботика
    - Вештачка интелигенција,
    - Нанотехнологија,
    - Квантно пресметување,
    - Биотехнологија,безжични технологии од петта генерација(5 G),
    - 3D печатење,
    - Целосно автономни возила и машини.

Членовите на Европското Здружение за Онколошка Фармација **решаваат:**

- Да се предвиди и рано да се одговори на технолошките и научни двигатели на промените кои влијаат на онколошката фармација, за да се осигура дека нивниот потенцијал за постигнување на подобри резултати за онколошките пациенти е сигурен; и

- Да се осигура дека стручноста и искуството на онколошкиот фармацевт ќе биде препознаена од оние кои ги водат технолошките и научни промени во Европа и на глобално ниво. Тука спаѓаат лидерите во комерцијата, истражувањето и владиниот сектор.

За таа цел, членовите на Европското Здружение за Онколошка Фармација одредуваат изработка на преглед кој ќе се фокусира на иднината со резиме на:

- Основните технолошки и научни двигатели на промените за онколошка фармација во следната деценија;

- Размислувања за можностите,  за кои тие се залагаат за подобрување на резултатите за пациентите со канцер, и

- Упатства за фармацевтите, компаниите, истражувачките институции и креаторите на политиките за правилен начин на реагирање на напредокот во науката и технологијата, со што би ја довеле онколошката фармација до нови нивоа на допринос во исходот и безбедноста на пациентот.